# Конкурс за доделување на наградата „Климентова повелба“ за животно дело, 2020 г.

На 3.3.2020 г., на интернет-страницата на Библиотекарското здружение на Македонија ( www.bzm.nuub.mk ) е распишан конкурс за доделување на наградата „Климентова повелба“ за животно дело, 2020 која се доделува на секои две години на изборните собранија. Пријавувањето трае до 3.4. 2020 година.

Во согласност со Правилникот за доделување на наградата „Климентова повелба“ за животно дело, Библиотекарското здружение на Република Северна Македонија, односно Комисијата за доделување на наградата, распишува

К О Н К У Р С
за доделување на наградата „Климентова повелба“ за животно дело, 2020

Врз основа на Статутот на БЗМ и Правилникот за доделување на наградата, ИО на БЗМ, на предлог на Комисијата за доделување на наградата „Климентова повелба“ за животно дело, ги утврди следниве конкурсни услови за доделување на наградата „Климентова повелба“ за животно дело, 2020 година. Секој кандидат, учесник на Конкурсот, треба да достави:

1. пријава за учество на Конкурсот;
2. кратка биографија;
3. преглед на професионалниот ангажман;
4. список на објавени стручни трудови;
5. писмени препораки од најмалку двајца библиотекари советници;
6. возрасната граница да е над 55 години;
7. изјава дека да имаат најмалку 20 години работно искуство во библиотечната дејност;
8. изјава дека не е член на ИО на БЗМ;
9. изјава дека не е член на Комисијата за доделување на наградата „Климентова повелба“ за животно дело, 2020

Наградата се доделува на библиотекари од сите видови библиотеки во Република Северна Македонија, како и на почесни членови на БЗМ, за постигнати особени резултати од пошироко значење за развојот и афирмацијата на библиотечната дејност во Републиката.
Наградата се состои од повелба и од вредносен износ.
Право на предлагање кандидати имаат и: библиотеките, Заедницата на народните библиотеки, членовите на БЗМ и други сродни институции и организации.

Пријавите со сите наведени документи треба да се доставаат во затворен плик до Комисијата за доделување на наградата, најдоцна до 3.4.2020 година, на следнава адреса:

Библиотекарско здружение на Македонија
(за Комисијата за доделување на наградата „Климентова повелба“ за животно дело 2020)
бул. „Гоце Делчев“ бр. 6
1000 Скопје

Пријавите што ќе пристигнат по определениот рок или се некомплетни нема да бидат разгледувани од Комисијата.

ИО на БЗМ